Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-58/8
27-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-58/1 од 10.01.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против лицата [redacted] – вработени во Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи - Скопје, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, од страна на лицата [redacted] вработени во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Сектор за внатрешни работи – Скопје, кон лицето [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-58/1 од 10.01.2024 година, од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] 6/26 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, од страна на лицата [redacted], вработени во Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи - Скопје.

Во претставката подносителот наведува дека подолг временски период (4-5 месеци) трпел малтретирање на работното место од страна на раководителите на ОКР и ЕВР Карпош кои кон него и група на други вработени неправедно и нееднакво се однесувале. Подносителот смета дека има повреда на правото на еднаков третман од страна на раководителите со навредливо, понижувачко однесување насочено кон него кое вклучувало закани, исмејување, заплашување, вербално насилство како и опструкции во работата и непружање можност за напредување во службата. И покрај тоа што подносителот укажал на ваквото однесување истото од страна на именуваните продолжувало. Во месец декември 2023 година во споредба со другите

колеги бил работно ангажиран повеќе од половина за извршување на работни задачи по План за засилени мерки за безбедност, бил ставан во патроли со униформирани полициски службеници иако според описот и пописот на работното место тоа не било предвидено, а за разлика од други негови колеги кои никогаш или ретко биле ангажирани според тој план. Наведува дека повеќе пати не знаел кога да дојде на работа и од колку часот и дека според него не може постојано исти колеги да извршуваат работни задачи во ЕКР Центар и Бит Пазар и во ТЦ Сити Мол, а други вработени да не доаѓаат на работа. Иако имал реализирано работни часови повеќе од месечно утврдените и требало да му се обезбедат слободни денови и други привилеги согласно Колективниот договор, на 25.12.2023 година со писмено барање се обратил до претпоставените за да користи слободни денови на 27ми и 28ми декември 2023 година, за да на 26.12.2023 година од страна на помошник началникот [redacted] биде известен дека за тоа немало услови по што побарал писмен одговор за истото. По ова на 27.12.2023 година бил на своето работно место во период од 15.30 до 00 часот, а на 28.12.2023 година во 15 часот добил телефонско известување од негова колешка дека неговото барање за користење на слободни денови било одобрено, иако истите ги поминал на работното место. Заради ова смета дека бил предмет на исмејување и наведува дека за разлика од него на други негови колеги им е одобрено отсуство од работно место по разни основи (годишни одмори, слободни смени или не биле ангажирани за извршување на работните задачи), поради што смета дека на тој начин бил ставен во понеповолна положба во однос на другите негови колеги. Воедно на крајот наведува дека во текот 2023 година како самостоен инспектор во ОКР Карпош има задолжено несразмерно повеќе кривични дела од останатите колеги со што во однос на резултатите има поднесено повеќе кривични пријави и други поднесоци, но бил предмет на виктимизација од страна на раководителите на ЕВР – ОКР Карпош.

Со оглед на наведеното, Комисијата на ден 16.01.2024 година со Барања број 08-58/2, 08-58/3 и 08-58/4 се обрати до лицата [redacted] вработени во Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Скопје, за произнесување по наводите во претставката, а на 30.01.2024 година до Комисијата пристигна произнесување Рег. Бр. 23.21.8-15 од 29.01.2024 година, од Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Скопје, Единица за внатрешни работи Карпош.

Во Одговорот се наведува дека полицискиот службеник – [redacted] во текот на 2023 година користел отсуства согласно негови барања и тоа, во јануари 2023 година - 2 слободни дена, во мај 2023 година - 3 слободни дена, во период од 10 до 23ти мај 2023 година користел 10 дена годишен одмор за 2022 година, понатаму од 07 до 20 јуни 2023 година користел 10 дена годише одмор за 2022 година во период од 03 до 18 јули 2023 година користел прв дел од годишен одмор за 2023 година, во ноември 2023 година користел боледување во траење од 5 дена. Понатаму на 14 и 15.02.2023 година бил испратен на обука "Сина храброст", во месец Октомври 2023 година бил испратен на еднодневна обука во ПС Гази Баба на тема – "Полицијата и ромите", а во Декември 2023 година во ПС Карпош

присуствувал на двочасовна обука во врска со постапување со клсифицирани информации. Според наведеното тоа биле сите обуки за кои во ОКР Карпош е побарано да се номинираат полициски службеници.

Во врска со неговото барање за користење на два слободни дена на 27 и 28.12.2023 година [redacted] на 25.12.2023 година известил дека бара користење на овие денови, а барањето не му било одобрено од причина што веќе имало голем број вработени отсустни заради боледување како и некои од нив кои користеле отсуства, но претходно во разумен рок ги побарале деновите по разни основи.

Во одговорот се потенцира дека полицискиот службеник бил ангажиран прекувремено повеќе од 151 час во текот на 2023 година или конкретно 378 часа па дури и во месеците кога користел и стар и нов годишен одмор, поради што остварил и право на бонус плата што претставува индикатор дека не бил дискриминиран по ниту еден основ.

Воедно се наведува потребата за појаснување дека во делот на ангажирањето на работни задачи заедно со униформирани полициски службеници се постапувало согласно План за засилени мерки од БЈБ кој се однесувал на сите полициски службеници како униформирани така и неуниформирани. Смените и службите биле планирани однапред, но со оглед на тоа дека имало непредвидени ситуации поврзани со непланирани отсуства на вработените по основ на смртни случаи, боледувања и слично, во одговорот се наведува дека многу често речиси секојдневно било неопходно да се изменат списоците, но во ниту еден случај истите не биле изготвувани со тенденциозност кон кој било полициски службеник.

Се наведува дека сите вработени во Министерство за внатрешни работи како полициски службеници за нивните посебни овластувања добиваат додаток на плата како и бенифициран стаж. Во делот на однесувањето кон подносителот на претставката се наведува дека истиот не бил навредуван ниту омаловажуван од страна на раководниот кадар, иако во неколку наврати се однесувал агресивно, не сакал да подигне службена пошта и материјали кои се однесувале на предмети кои тој ги должел и и се обраќал со навредливи зборови на помошник началничката Јулијана Станчова. Во делот пак на неговото однесување, се наведува дека тој се однесувал на начин на кој покажувал непочитување не само кон раководителите туку и колегите, ги озборувал и користел погрдни зборови на национална основа.

На крајот се наведува дека на 26.12.2023 година полицискиот службеник [redacted] за време на службата си заминал од работа порано и од позицијата на која бил распореден со писмена Наредба и при контролна служба од страна на Началник на ЕВР [redacted] ова било констатирано за што било поднесена иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на полицискиот службеник [redacted]

Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, на 25.01.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација изготви Барање број 08-58/5 за вршење увид во Полициска станица Карпош кој беше извршен на 26.01.2024 година во присуство на [redacted] вработени во Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи - Скопје, ЕВР Карпош, евидентиран на Записник број 08-58/7. Во Записникот е евдиентирано дека при вршењето на увид непречено бил овозможен увид во барања за користење на слободни денови, прибавени се копии од барања на други полициски службеници, колеги на подносителот на претставката и било увидено дека од самото Барање за користење на слободни денови поднесно од [redacted] може да се констатира дека истото не било одобрено поради отсуства на вработени а зголемен обем на работа во предновогодишниот период. Периодот за евентуално одобрување бил многу краток планот за работна ангажираност на вработените бил веќе изготвен поради што началникот не можел да одобри користење на слободни денови на подносителот на претставката но и на други вработени кои побарале користење на слободни денови тој период. На именуваниот [redacted] не му е одобрено користење на слободни денови во бараниот период поради зголемен обем на работа.

Согласно сето изнесено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација утврдена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."* , односно дека не е сторена дискриминација кон лицето [redacted] од Скопје од страна на лицата [redacted] – вработени во Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи – Скопје, ЕВР Карпош. Наведеното од причина што од произнесувањето по наводите во претставката од страна на потенцијалниот дискриминатор и врз основа на извршениот службен разговор и увид во списи во службените простории на потенцијалниот дискриминатор, се утврди дека подносителот на претставката не бил ставен во нееднаква положба во однос на неговите колеги полициски службеници вработени во ОВР Карпош по ниту еден дискриминаторски одснов.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
27.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи, СВР Скопје, ЕВР Карпош
  Ул. Димче Мирчев, бр. 9, Скопје
- Архива на КСЗД